**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-112/2
30.08.2024 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 10 седница одржана на 29.08.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Лабораториско биоинженерство", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на Фармацевтски факултет при Универзитет Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Лабораториско биоинженерство", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на Фармацевтски факултет при Универзитет Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран лабораториски биомедицински инженер/во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor in laboratory biomedical enginee.

Научно - истражувачко подрачје: 3 Медицински науки и здравство; Научно – истражувачко поле: 306 Фармација, Научно – истражувачка област: Фармацевтска хемија, фармакоинформатика, фармакогенетика, биофармација, имунохемија, фармацевтска ботаника, фармакогнозија, биотехнологија, аналитика на лекови, токсиколошка хемија, броматологија, друго (применета хемија и фармацевтски инструментални анализи, храна и исхрана, фармацевтска токсикологија, фармацевстка технологија со индустриска фармација и микро/нанотехнологија, применета биохемија).

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 60 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02 - 912/3 од 15.12.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Лабораториско биоинженерство", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на Фармацевтски факултет при Универзитет Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-90/1 од 31.01.2024 година (наш бр. 08 - 112/1 од 02.02.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 3-та седницата одржана на 10.05.2024 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр. 08-112/6 од 29.08.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 10-та седница одржана на 29.08.2024 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски